

# МАКРОЕКОНОМСКИ МОНИТОР

Јуни 2014

3(1)

Светското производство силно порасна во првиот квартал од 2014 година. Поттикот главно дојде од развиените економии, кои добија моментум уште во текот на 2013. Од друга страна, растот во земјите во развој и брзорастечките економии стагнираше и во првиот квартал од 2014, тие сеуште се бореа со капитални одливи и депрецијации на валутите. Проекцијата за глобалниот раст за целата 2014 година останува непроменета, околу 3.6 проценти, и 3.9 проценти во 2015 година. Сепак, некои од старите ризици – иако во надолен тренд – како и некои нови, остануваат во сила. Неодамна се интернзивираше геополитичкиот ризик. Од старите ризици, за земјите во развој особено значајно е ненадејното затегнување на монетарната политика во САД и продолжената аверзивност на пазарите кон ризик, што повторно може да внесе финансиски стрес. Во Македонија, во првиот квартал од 2014 растот и понатаму е воден од интензивната градежна активност и воспоставувањето и почетокот со производство на странските фабрики. Растот за 2014 година е проектиран на околу 4 проценти, пришто градежништвото и странските директни инвестиции остануваат примарни столбови. Растот значајно ќе искористи и од заздравувањето на надворешната побарувачка. Останува укажувањето дека се очекува фискалната политика побрзо да се врати на патеката на поголема прудентност.

## РАСТ И ИНФЛАЦИЈА










| Годишен раст, % | 3Q2013 | 4Q2013 | 1Q2014 |
|---|---|---|---|
| БДП ЕУ 27 | 0.1 | 0.3 | 0.2 |
| БДП Македонија | 2.8 | 3.1 | 3.9 |
| **Годишен раст, %** | **Јан** | **Фев** | **Мар** |
| Вкупна инфлација | 1.1 | 1.4 | 0.3 |
| Инфлација на храна | 1.0 | 1.8 | 0.1 |

## ПАЗАР НА ТРУД










| | 3Q2013 | 4Q2013 | 1Q2014 |
|---|---|---|---|
| Стапка на активност (%) | 40.8 | 40.9 | 40.9 |
| Невработеност на млади (%) | 52.2 | 53.0 | 54.6 |
| Просечна нето плата (ден.) | 21,051 | 21,254 | 21,093 |
| Раст на продуктивност (%) | (0.93) | (1.45) | 2.45 |

## ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ










| Годишен раст | 3Q2013 | 4Q2013 | 1Q2014 |
|---|---|---|---|
| М2 | -0.3% | 0.2% | 1.0% |
| Депозити | 6.4% | 6.1% | 6.9% |
| Кредити | 0.8% | 4.1% | 5.3% |
| МБИ-10 | -10.3% | 0.5% | -3.8% |
| Девизни резерви | -1.8% | -9.1% | -13.0% |

## НАДВОРЕШНА СМЕТКА










| % од БДП | 3Q2013 | 4Q2013 | 1Q2014 |
|---|---|---|---|
| Трговско салдо | -12.7% | -18.3% | -21.9% |
| Приватни трансфери | 23.2% | 19.3% | 18.4% |
| Тековна сметка | 6.6% | -2.7% | -7.0% |
| Странски инвестиции | 3.5% | 3.2% | 4.9% |
| Девизни кред. / вкупни кред. | 41.1% | 40.0% | 39.7% |

# ИНДУСТРИСКИ БЛИЦ

| | Индустриско производство | | | Работници во индустријата | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1-3Q/13 | 1-4Q/13 | **1Q/14** | 1-3Q/13 | 1-4Q/13 | **1Q/14** |
| Енергија | 2.3 | 0.4 | **(15.7)** | 7.7 | 6.1 | **(1.9)** |
| Интермедијарни производи, освен енергија | (3.4) | (0.8) | **14.3** | (1.7) | (1.0) | **1.4** |
| Капитални производи | 5.4 | 9.0 | **11.1** | (3.5) | (2.5) | **76.3** |
| Трајни производи за широка потрошувачка | 1.9 | 6.2 | **4.8** | 1.5 | 2.7 | **3.8** |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | 6.2 | 6.3 | **2.7** | 1.1 | 1.5 | **4.3** |
| | | | | | | |
| Производство на прехранбени производи | (3.1) | (1.4) | **0.5** | 3.5 | 3.2 | **0.1** |
| Производство на метали | (15.0) | (10.5) | **(3.5)** | (2.8) | (0.9) | **1.2** |
| Производство на облека | 17.3 | 13.7 | **7.7** | (0.4) | 0.1 | **0.7** |
| Производство на неметални минерални производи | 2.5 | 5.8 | **35.9** | (2.5) | (2.1) | **2.6** |
| Производство на тутунски производи | 8.9 | 9.0 | **(20.1)** | (4.7) | (7.8) | **9.7** |
| Производство на пијалаци | 8.3 | 7.4 | **19.0** | (0.6) | (1.0) | **1.7** |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | (51.2) | (69.4) | **(99.7)** | (0.8) | (1.5) | **(6.6)** |
| Производство на електрична опрема | 0.5 | 10.1 | **45.5** | (3.9) | (3.3) | **0.8** |
| Производство на фабрикувани метални производи | (45.0) | (41.6) | **(29.0)** | (13.1) | (11.4) | **6.1** |
| | | | | | | |
| Вкупно | 2.2 | 3.2 | **3.0** | 0.8 | 1.1 | **6.9** |

FINANCE THINK
OUT OF THE BOX

ЗА FINANCE THINK OUT OF THE BOX

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики. Како неформална група постои од 2011 година, а како формална организација основана е во 2012 година.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

**Програмски области**

- Развојна економија: сиромаштија, социјална, доходна, родова, возрасна и етничка нееднаквост, невработеност, пристап до образование и здравствени услуги, регулаторно окружување, структурни реформи, и друго;
- Макро-финансии: економски раст, инвестиции, монетарна, фискална, надворешно-трговска и девизна политика и друго;
- Финансиски систем: развиеност на банкарскиот, осигурителниот, пензискиот и другите финансиски под-системи, оценка на ризиците и отпорноста на шокови на финансискиот систем, регионална и глобална финансиска интеграција и друго;

ОДГОВОРНОСТ

Copyright © 2012 од страна на Finance Think, Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, складира или внеси во систем за пребарување или да се пренесува во која било форма или со какви било средства (електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин), без претходна писмена дозвола од сопственикот на авторските права. Finance Think направи максимални напори да ја осигура точноста на информациите презентирани во овој документ. Меѓутоа, ниту Finance Think ниту кој било од неговите носители на одлуки или аналитичари или вработени може да биде одговорен за какви било финансиски последици кои произлегуваат од употребата на информациите претставени од овде.

**Finance Think**
Непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики
Ул. Јордан Мијалков 50/3, 1000 Скопје
+389 2 6147 630, www.financethink.mk, info@financethink.mk